Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 59/0306
28.02 2018 год.
Скопје

27.02.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 26 февруари 2018 година, врз основа на примена жалба од Ивана Васева, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА**

Текстот не отстапува од професионалните
и етичките стандарди

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 15 февруари 2018 година, Ивана Васева поднесе жалба за текстот насловен „Васиќ, Васева и Кокаланов добија пари за проекти, иако членуваа во комисиите на Министерството за култура“, објавен на 11 февруари 2018 година, на интернет порталот „Сакам да кажам“ (www.sdk.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, незастапена втора страна и клевета.

Подносителот на жалбата, Ивана Васева, посочува дека поради овој текст таа била предмет на јавен линч, со што сериозно и' бил нарушен угледот и дека интернет порталот не се обидел ни најмалку да го истражи случајот околу годишната програма на Министерството за култура за 2018 година.

*„Пред објавувањето на текстот, новинарката не ме побара за изјава, иако добро ме познава. По објавувањето на текстот, истата вечер, напишав демант и го испратив на службениот меил на порталот, откако беше известен уредникот дека ќе испратам демант, на што тој рече дека ќе го објават“*, се наведува во жалбата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Сакам да кажам“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од интернет порталот одговорија на наводите на жалителот.

Сметаат дека жалбата е неоснована, зашто како што објаснуваат фактите во текстот се изнесени според јавно објавената годишна програма, до која бил поставен и линк до оригиналната локација на сајтот на Министерството за култура.

*„Во текстот изнесените факти не се коментираат. Во текстот јасно стои дека споменатите членови на комисиите на Министерството за култура добивале пари за проекти во други области од тие за кои одлучувале самите“*, се додава во одговорот на жалбата.

Од „Сакам да кажам“, меѓу другото, потсетуваат дека и самиот министер за култура Алаѓозовски во медиумите потврдил дека под притисок на јавноста, Кокаланов, Васева и Васиќ, кои се споменуваат во текстот, се откажале од своите проекти за кои добиле финансии од Министерството.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата во однос на содржината е **НЕОСНОВАНА** и дека во текстот нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 26 јануари 2018 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, заклучи дека текстот произлегува од јавниот интерес и како таков, јавните институции претставуваат легитимна новинарска цел. Авторот обработува актуелна тема, која побуди интерес во јавноста и за која медиумите опширно и подолго време известуваа.

Во продолжение, членовите на Комисијата утврдија дека информациите во текстот се базираат на јавно објавени податоци на сајтот на Министерството за култура. Во тој контекст, Комисијата се согласи дека авторот можел, но немал обврска да побара став од засегнатите страни во новинарскиот производ, во случајов, од подносителката на жалбата. Кодексот на новинарите налага да им се даде можност на сите засегнати да го кажат својот став, особено кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика, што не е случај во оспорениот текст.

Понатаму, Комисијата најде дека интернет порталот можел, но немал обврска да овозможи објавување на демант, затоа што согласно членот 3 од Кодексот на новинарите, исправка, деманти и одговор треба да се обезбедат во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата. Членовите на Комисијата во текстот на „Сакам да кажам“ не наидоа на наводи, кои можат да иницираат неточност на информација, дотолку повеќе што истите информации беа пренесени во повеќе други медиуми.

Оттука, Комисијата утврди дека текстот е професионален и дека се испочитувани професионалните и етичките стандарди.

При своето одлучување, Комисијата го зеде предвид и:

*** Членот 17 од Законот за медиуми (Право на исправка на објавена информација), во делот кој се вели:**

Секој има право од издавач на медиум, односно од одговорен уредник на издавач на медиум да бара, без надоместок, да објави исправка на објавената информација во која се

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

наведуваат неточни факти објавени во информацијата, а со кои биле повредени неговите права или интереси. Право на исправка имаат и правните лица и другите организации и тела доколку со информацијата биле повредени нивните права или интереси.

* * *

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Филип Ѓурчиновски, Беким Ајдини и Гоце Герасимовски.

**Се обврзува неделникот „Сакам да кажам“ (www.sdk.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595